# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА

Службен гласник на Општина Кисела Вода
Излегува по потреба
Рок на рекламации 15 дена
www.kiselavoda.gov.mk

5 Октомври 2015
Скопје
Број 9, година X
contact@kiselavoda.gov.mk

**Скопје, Октомври, 2015 година**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишната програма
за работата на Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски-Питу,,
за учебната 2015-2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работата на Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски-Питу,, за учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода,одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/1
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски –Питу,,
за учебната 2015/2016 година

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски –Питу,, за учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски–Питу,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/3
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојувањена Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,,
за учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работата на Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,, за учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/2
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,,
за учебната 2015/2016 година

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,, за учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/4
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје" бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,,
за учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,, за учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода".

Број 08-7424/3
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,,
за учебната 2015/2016 година

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,, за учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/5
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,,
за учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,, за учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/4
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз оснвоа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,,
за учебната 2015/2016 година

1. Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,, за учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/6
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште ,,,,Кузман Шапкарев,,
за учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кузман Шапкарев,, за учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/5
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз оснвоа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Кузман Шапкарев,,
за учебната 2015/2016 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работата на Општинското основно училиште ,,Кузман Шапкарев,, за учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Кузман Шапкарев,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/7
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,,
Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателство
во учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,, Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателство во учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/6
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз оснвоа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишната програма за работа на
Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,,
Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателство
во учебната 2015/2016 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,, Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателство во учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,, Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателство и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/8
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Годишната програма
за воспитно образовната работа на Општинското основно училиште
,,Св. Климент Охридски,, во учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за воспитно образовната работа на Општинското основно училиште ,,Св. Климент Охридски,, во учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/7
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз оснвоа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за воспитно образовната
работа на Општинското основно училиште
,,Св. Климент Охридски,, во учебната 2015/2016 година

1.Се усвојува Годишната програма за воспитно образовната работа на Општинското основно училиште ,,Св. Климент Охридски,, во учебната 2015/2016 година.

2. Овој Заклучок да се достави до Општинското основно училиште ,,Св. Климент Охридски,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/9
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување Годишната програма
за работа на Општинското основно училиште
,,Круме Кепески,, во учебната 2015/2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Круме Кепески,, во учебната 2015/2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/8
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и Службен гласник на Општина Кисела Вода бр. 13/06), а во врска со член 35 точка 5 од Законот за основно образование („Службен весник на Р.М.“ бр.103/08), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната програма за работа
на Општинското основно училиште
,,Круме Кепески,, во учебната 2015/2016 година

1.Се усвојува Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Круме Кепески,, во учебната 2015/2016 година.

2. Заклучокот да се достави до Општинското основно училиште ,,Круме Кепески,, и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,,.

Број 09-6870/10
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Заклучок за усвојување на Годишен извештај
за работа на ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2014/2015 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/9
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), а во врска со член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр.23/201, 12/2014 и 44/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на
ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2014/2015 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година.

2.Овој Заклучок да се достави до ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3. Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/11
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Маријан Теовски

1.Се објавува Одлуката за одобрување средства како еднократна парична помош на Маријан Теовски, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/10
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ,, бр.5/02), и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/05, Службен гласник на Општина Кисела Вода бр.13/06 и бр.15/14) и член 1 и 2 од Правилникот за критериумите, постапката и износот за доделување на еднократна парична помош (,,Службен гласник на Општина Кисела Вода" бр.10/09 и бр.15/14), расправајќи по Барањето на Маријан Теовски ул.,,Живко Фирфов,, бр.27-б – населба Драчево, под бр.08-6679/1 од 10.09.2015 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за одобрување средства
како еднократна парична помош
на Маријан Теовски

Член 1

Се прифаќа Барањето бр.08-6679/1 од 10.09.2015 година на Маријан Теовски ул.,,Живко Фирфов,, бр.27-б населба Драчево му се одобруваат парични средства во износ од 30.000,00 денари од Буџетот на Општина Кисела Вода за санирање на последиците од опожарената семејна куќа на ул.,,Живко Фирфов,, бр.27-б н.Драчево-Скопје.

Член 2

За исплата на финансиските средства од член 1 на оваа Одлука, Решение ќе донесе Градоначалникот на Општина Кисела Вода.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода ".

Број 09-6870/12
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување Одлука за давање согласност на
Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените
стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и
нормативите за вршење на дејноста на установите за деца
(,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14)

1. Се објавува Одлуката за давање согласност на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14), одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/11
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (’’Службен весник на РМ’’ бр.5/02), како и член 64 став 5 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015 и 150/2015) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Сл.гласник на Град Скопје” бр.08/05 и „Сл.гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

## О Д Л У К А

за давање Согласност на Јавната детска градинка ,,8 МАРТ’’
на општина Кисела Вода во град Скопје за работа со поголем број деца
од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите
и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца
(’’Службен весник на Република Македонија ’’ бр.28/14,40/14 и 136/14)

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Јавната детска градинка ,,8 МАРТ’’ на општина Кисела Вода во град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (’’Службен весник на Република Македонија ’’ бр.28/14,40/14 и 136/14) во сите објекти во кои врши згрижување, нега, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-6870/13
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Одлука за давање согласност на
Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените
стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и
нормативите за вршење на дејноста на установите за деца
(,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14)

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14), одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/12
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), како и член 64 став 5 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/2013, 12/2014, 44/2014, 144/2014, 10/2015, 25/2015 и 150/2015) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода (“Сл.гласник на Град Скопје” бр.08/05 и „Сл.гласник на Општина Кисела Вода” бр.13/06 и бр.15/14), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

за давање Согласност на Јавната детска градинка ,,ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ''
на општина Кисела Вода во град Скопје за работа со поголем број деца
од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите
и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца
(''Службен весник на Република Македонија '' бр.28/14,40/14 и 136/14)

Член 1

Со оваа Одлука се дава Согласност на Јавната детска градинка ,,ВЕСЕЛИ ЦВЕТОВИ'' на општина Кисела Вода во град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (''Службен весник на Република Македонија '' бр.28/14,40/14 и 136/14) во сите објекти во кои врши згрижување, нега, воспитание и образование на деца од предучилишна возраст.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода”.

Број 09-6870/14
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишна Програма
за работата на Јавната детска градинка ,,8 Март,,
на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2015-2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната Програма за работата на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/13
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), а во врска со член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр.23/2013, 12/2014 и 44/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишната Програма за работата на
Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2015-2016 година

1.Се усвојува Годишната програма за работата на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година.

2.Овој Заклучок да се достави до ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/15
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишен извештај
за работа на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2014/2015 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишниот извештај за работа на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/14
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), а во врска со член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр.23/201, 12/2014 и 44/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Годишниот извештај за работа на
ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2014/2015 година

1.Се усвојува Годишниот извештај за работа на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година.

2. Овој Заклучок да се достави до ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/16
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Годишна програма
за работа на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,,
на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2015-2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Годишната програма за работа на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/15
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/2005 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), а во врска со член 116 став 1 алинеа 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Р.М.“ бр.23/2013, 12/2014 и 44/2014), Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Годишната Програма за работа на
Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,,
на Општина Кисела Вода
во Град Скопје за 2015-2016 година

1.Се усвојува Годишната Програма за работа на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година.

2.Овој Заклучок да се достави до ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје и до Секторот за образование, предучилишно воспитување, култура и спорт.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/17
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување na Заклучок за усвојување на
Локална Стратегија за претприемачко учење на
Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година, донесена на седницата на Советот на општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/16
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р

Врз основа на член 34 и член 104, став 3 од Статутот на општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), расправајќи по Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

за усвојување на Локална Стратегија за претприемачко учење на
Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година

1. Се усвојува Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година.

2. Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/18
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советотна Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ЛОКАЛНА СТРАТЕГИЈА ЗА ПРЕТПРИЕМАЧКО УЧЕЊЕ НА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА ЗА ПЕРИОДОТ 2016-2020 ГОДИНА

**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 1 | *Листа на кратенки* | 3 |
| 2 | *Вовед* | 4 |
| 3 | *Анализа на состојбата* | 6 |
| 3.1 | *Профил на општината* | 6 |
| 3.2 | *Методологија на истражувањето* | 7 |
| 4. | *Анализа на наодите* | 8 |
| 5. | *Приоритетни области* | 15 |
| 5.1 | *Целна Група* | 15 |
| 6. | *Цели на приоритети, специфични цели и стратегии* | 16 |
| 7. | *План за мониторинг и евалуација* | 18 |

## *1. Листа на кратенки*

| | |
|---|---|
| *ОКВ* | *Општина Кисела Вода* |
| *РМ* | *Република Македонија* |
| *ЕУ* | *Европска Унија* |
| *ГС* | *Генерален секретаријат* |
| *НСПУ* | *Национална стратегија за претприемничко учење* |
| *ЛСПУ* | *Локална стратегија за претприемничко учење* |
| *ЛС* | *Локална Самоуправа* |
| *НВО* | *Невладина организација* |
| *ОП* | *Оперативен план* |
| *ЕЛС* | *Единици на локална самоуправа* |
| *ВЦС* | *Волонтерски Центар Скопје* |
| *ЗГ* | *Здружение на граѓани* |
| *ОТ* | *Оперативен тим* |
| *МОН* | *Министерство за образование и наука* |
| *СнМ* | *Совет на Млади* |

## 2. ВОВЕД

Соочувајќи се со висока стапка на невработеност во нашата држава, особено меѓу младите, одредени институции и организации решението го гледаат во стимулирање на бројот на новоформирани бизниси и зголемувањето на стапката на нивен опстанок. Очигледно на Македонија ѝ е неопходен поголем број на претприемачи и зголемување на мерки кои ќе се фокусираат кон охрабрување на младите луѓе да започнат сопствен бизнис.

Локалната стратегија за претприемничко учење за општина Кисела Вода е подготвувана и изработена на консултативен начин со вклученост на граѓанските организации, образовниот и бизнис сектор, како и младите лица, во меѓусебна соработка со советот и администрацијата на општината, во периодот од мај до септември 2015 година.

Во Мај 2015 година, Волонтерски Центар Скопје започна да го спроведува проектот во соработка со Општина Кисела Вода, а со финансиска поддршка од Европската Унија преку проектот “Мрежа за поддршка на млади претприемачи”, www.yes-network.org.

Општа цел на проектот е подобрување на условите за работа и живот на општина Кисела Вода преку подигнување на свеста за важноста на претприемничкото учење помеѓу граѓаните, особено младите. Исто така, оваа цел се поистоветува со дел од целите на Националната стратегија за претприемачко учење како и Акциониот План на Мрежата за поддршка на млади претприемачи.

Со самото учество во процесот на изработка на стратегијата, учесниците ќе станат свесни за проблемите со кои се соочува општината, претприемачите. образовните институции, општо населението, младите, идните претприемачи и ќе треба да размислуваат како би ги подобриле условите кои не им се допаѓаат, односно да употребат стратешки пристап кон решавање на проблемите, дискутирајќи и размислувајќи за исходите од реализацијата на нови идеи и решавање на проблемите.

Како специфични цели на овој проект се среќаваат следниве:

- Поттикнување на развивање претприемнички вештини,
- Поттикнување на активно граѓанство,
- Соработка помеѓу НВО секторот и локалната самоуправа во полза на населението во општина Кисела Вода,
- Зголемување на информираноста на населението од оваа општина за можноста да допринесат за развојот на претприемничкото учење во нивната општина,

Целната група на овој проект се млади лица од сите сфери и степени на образование, кои имаат знаења, вредности и потенцијал за идни нови претприемачи, како и сите други лица на територијата на општина Кисела Вода, кои имаат претприемнички потенцијал и вредности, но, можеби, немаат или пак не се доволно запознаени и информирани за претприемништвото.

Волонтерски Центар Скопје веќе подолго време работи со млади лица, воглавно, на возраст од 18 – 30 години и како главна цел, од нејзиното формирање па до денес, е помош при развивање на професионалниот развој на младите што ќе им овозможи да го остварат својот напредок преку неформално образование. Како главен проблем во нивната општина на делување – Општина Кисела Вода - се јавува мотивацијата да се активираат младите, односно да се поттикнат да бидат активни во граѓанскиот сектор т. е. да волонтираат. После многубројни организирани проекти, семинари, обуки, дискусии, конференции, промоции и слично, со текотна времето поимот “Волонтерство” зеде сосема нова димензија, од „Ефтина Работна Рака“ прерасна во „Гордост да се биде волонтер“.

Истото се случува денес и со претприемништвото. Многу млади се плашат да бидат претприемачи. Сметаат дека е залудно да се биде претприемач во Македонија. Од една страна се обесхрабрени, а тие што веќе се успешни ретко ги споделуваат своите приказни за да ги мотивираат и охрабрат идните генерации и потенцијалните претприемачи. Од друга страна пак, економските истражувања и предвидувања велат дека иднината на економијата лежи во претприемништвото, особено младинското.

Во општината каде е активен Волонтерски Центар Скопје, сметаме дека претприемништвото не е доволно застапено, ниту промовирано, особено претприемничкото учење, земајќи го фактот што оваа општина има многу мал број на образовни институции, граѓаните од оваа општина имаат помалку можности да се информираат, обучат или приклучат во претприемнички акции. Би сакале овој недостаток да го елиминираме како и да ја зголемиме комуникацијата и соработката помеѓу граѓанскиот сектор, локалната самоуправа и бизнис секторот на територијата на општина Кисела Вода.

Во рамките на процесот на изготвување на локална стратегија за претприемничко учење, беа спроведени следните активности:

- Јавен повик: Со јавниот повик се обезбеди транспарентност на процесот на реализирање на стратегијата. Исто така преку овој метод се обезбеди квалитет во изборот на членовите во работната група за стратегијата.

- Состаноци во работна група: Со овој метод, се обезбеди квалитетно работење и изготвување квалитетни документи и материјали.

- Собирање на податоци/Анализа на податоци: Со овој метод се обезбеди вклучување на јавното мислење во целокупниот процес на креирање на стратегијата, со што дополнително влијаеше кон зголемување на квалитетот на завршниот документ.

- Јавна дебата/Трибина: Овој метод претставува повторно вклучување на пошироката јавност, преку коментирање и дебатирање на веќе предложени нацрт документи. Со овој метод на одреден начин се обезбеди фактот дека јавноста го има последниот збор за тоа како ќе изгледа идната локална стратегија за претприемничко учење.

- Состаноци на координативно тело: Со овој метод се обезбеди надзор на работата на работната група и придонесе кон зголемување на квалитетот на селектирани претставници во работната група, како и квалитетот на изготвени документи и материјали.

- Последниот чекор претставуваше презентирање на ЛМС, заедно АП, на членовите на Советот на Општина Кисела Вода и нејзино изгласување како официјален документ на општината, документ врз кој во следните години ќе послужи како основа за градење на политиките кои се однесуваат на потребите на младите во Општина Кисела Вода.

## *3. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА*

Во анализата се опфатени актуелни информации кои се достапни од самата Општина Кисела Вода, а се битни за процесот на изработка на самата стратегија. Во продолжение се резултатите од истражувањето, анкетите и фокус групата, наодите од нив и предлози за приоритети во Стратегијата за претприемништво за општина Кисела Вода.

### *3.1. Профил на општина Кисела Вода*

***Местоположба:***

Општина Кисела Вода се простира во јужниот и југоисточниот дел на Скопската котлина. Источната граница на општината е до централното градско подрачје на општината Центар. Северната граница се простира по железничката линија Скопје - Велес со кој патен правец општината граничи со новоформираната општина Аеродром. На источната и југоисточната страна граничи со општината Студеничани, а на јужната страна со планината Водно каде се простира граничната линија со општината Сопиште. Кисела Вода има правец на простирање исток - запад во должина од 14. 2 км и правец север - југ во должина од 3. 3 км. Во рамките на ваквите гранични линии со соседните општини, општината Кисела Вода има површина од 46. 86 км2. Во општината во непосредното градско подрачје се наоѓаат населбите Чешма и Бирарија, на ниските делови од северната страна на планината Водно се наоѓаат населбите Црниче и Пржино и во источниот дел населбите Припор и Усје. Во централниот дел од општината се наоѓаат населбите: 11 Октомври згради и бараки, Кисела Вода и Цветан Димов. На источниот дел од општината се наоѓаат населбите: Пинтија и Драчево.

***Население:***

Според податоците од последниот попис на територијата на Општина Кисела Вода има вкупно население од 58.216 жители од кои 91.2% се Македонци. Управувањето со територијата на Општина Кисела Вода е организирано преку 15 месни заедници од кои 10 се урбани а 5 се рурални заедници. Ваквиот начин на организирање на локално ниво во Општината овозможува демократско и поефикасно исполнување на граѓанските интереси.

***Економија и бизнис:***

Општина Кисела Вода е една од најголемите индустриски зони во градот Скопје со значителен континуиран подем во последните 5 години. Бруто домашниот производ по жител изнесува 11. 964 (според пописот од 2002г.).

Примарната економија која генерално е составена од земјоделие зафаќа површина од 27. 34 км² и неметали со површина од 6. 73 км2.

Секундарната и терцијалната економија на територијата на општина Кисела Вода претставуваат потенцијал за одржлив економски развој на општината. Бројот на економски субјекти според стопанските гранки кои делуваат на територија на општина Кисела Вода се: 1. 910 вклучени во производство; 908 во градежништво; 490 во хотели и ресторани; 1. 492 економски субјекти вклучени во транспорт; 24 во финансии; 1.092 во недвижности; 26 вклучени во јавната администрација и 868 во комуникации.

Најважни стопански гранки во општината се хемиската индустрија, транспортот и шпедицијата, градежништвото, прехранбената индустрија и производството на безалкохолни пијалаци, како и трговската и услужната дејност.

***Граѓански сектор:***

Општина Кисела Вода, еден од нејзините приоритети е јакнење на интензитетот на контактите и соработката со здруженијата на граѓани , невладините организации кои изразуваат интерес , кои со својата стручност учествуваат непосредно во развојот на општината. Општина Кисела Вода е отворена за соработка со здруженијата на граѓани и невладини организации кои се регистрирани на нејзина територија , така и со сите здруженија на граѓани кои делуваат пошироко.

На територија на Општина Кисела Вода се регистрирани здруженија на граѓани кои делуваат во најразлични области, почнувајќи од заштита на животна средина и унапредување на екологијата, заштита на човекови права, вредности и граѓански иницијативи, хуманитарни организации, организации кои го промовираат спортот, културата, здруженија на пензионери, здруженија кои ги застапуваат еднаквите права и можности, волонтеризмот , младите лица и сл.

### *3.2. Методологија на истражувањето (анкетни прашалници и анализа на собраните податоци)*

Дефинираните цели на истражувањето за подготовка на локалната стратегија се:

- дистинкција меѓу застапеноста на претприемништвото во задолжителното формално образование, незадолжителното формално високо образование и неформалното образование, како и нивно мислење за насочување на образовниот систем
- колкаво искуство имаат испитаниците со во врска со претприемнички активности
- како размислуваат околу претприемништвото – ставови научени од околината, емотивно поврзани и потсвесно прибрани
- ставови во врска со когнитивното учење на испитаниците – како научно расудуваат за претприемништвото
- колку разбираат што е претприемништво (ниво на знаење на испитаниците и свесност за потреба и присутност на претприемништвото во средината во која живеат)
- младите и претприемништвото (ниво на знаење и потреба од насока и дополнителни обуки и мотивација за креирање на нови идеи и иновации)

Во општина Кисела Вода посебен акцент од испитаниците се даде на младите и невработени луѓе од сите области и бранши, независно од степенот на образование, со цел да се утврди знаењето, свесноста како и скриениот потенцијал меѓу нив за некој иден претприемнички потфат и иновација. Воедно беа мапирани и анкетирани лица со релевантни профили за ова истражување поточно - претприемачи, граѓански активисти, професори, наставници, за и тие да го дадат своето мислење, а е потешко да се најдат по случаен избор на улица, особено во летниот период кога се вршеше истражувањето. Исто така, преку овој прашалник од многу голема важност беше и да се дознае нивото на знаење на испитаниците за претприемништво и иновации.

Анкетата се спроведуваше на два начини:

- Преку спроведување со помош на обучени анкетари на терен,
- По електронски пат

Анкетните прашалници и резултатите од истите беа изработени од страна на стручен тим на експерти од Здружението на граѓани ЦЕФЕ Македонија.

## *4. АНАЛИЗА НА НАОДИТЕ*

Во поглед на претприемничкото учење како дел од образованието најголем дел од испитаниците немале или пак не го сретнале како дел од задолжителното формално образование (зборуваме во текот на основното и средното образование), доколку пак во текот на високото образование дел од испитаниците се имаат сретнато преку најразлични факултативни активности, надвор од времето на задолжителните предавања, преку најразновидни, семинари, обуки, саеми и слично, воглавно организирани од НВО секторот. Нивното учество воглавно е волонтерско преку учество на најразлични трибини, креативни работилници или пак директен волонтерски ангажман во некоја граѓанска организација. Овде би требало да се зајакне на промовираноста и достапноста на информациите околу претприемништвото и иновациите во образовните институции, преку најразлични медиуми (огласна табла, соопштенија за најразновидни факултативни активности, офицојалните веб страници на образовните институции и слично).




Во поглед на застапеноста на претприемништвото најголемиот дел од испитаниците сметаат дека претприемништвото се учи од најмала возраст и треба да се учи и усовршува доживотно, што значи дека внатре во нивната свест оваа гранка заживеала и свесни се важноста од неа во понатамошниот живот. Исто така, најголемиот дел од нив се сретнале со некаква претприемничка активност преку неформалното образование заради тоа овој факт потврдува дека претприемништвото и иновациите се повеќе присутни во НВО секторот и дека се работи на нивни развој и усовршување, со цел младите да ги откријат своите потенцијали за некои идни успешни претприемнишки акции.

Исто така, најголемиот дел од испитаниците сметаат дека образовниот систем во општината само делумно ги задоволува потребите за креирање на претприемничко однесување. Овој факт доведува до иницијативата за подобрување и усовршување на образовниот систем за задоволување на потребите за креирање на претприемничко однесување преку најразлични дополнителни предавања и работилници за образовните работници.




На ниво на општина, најголемиот дел од испитаниците сметаат дека квалитетот на образовните институции, бизнис училиштата и неформалното образование е на средно ниво, што укажува на квалитетот на нивната работа и стремежите за понатамошно доусовршување.

Што се однесува до соработката на бизнис секторот со образовните институции, голем дел сметаат дека не е доволно добра, на што би требало дополнително да се работи за нивна подобра комуникација и пред се за поголема достапност на бизнис секторот до учениците и младите луѓе, како и за подобра информираност помеѓу овие две. Како најдобар медијатор, помеѓу овие две, 83% од испитаниците сметаат дека општината треба да учествува во соработката помеѓу бизнис секторот и образовните институции.




Како програми коишто испитаниците би ги препорачале за понатамошно подобрување на соработката можете да ги забележите на следниот графикон:




Од графиконот можеме да видиме дека како најпримамлива програма за учениците и младите луѓе се програмите за пракси или хонорарна работа. Ова ни зборува дека преку организирање и имплементација на најразличен вид пракси во компании на територија на општина Кисела Вода ќе се зголеми и заинтересираноста и мотивацијата кај младите луѓе за некој иден иновативен зафат или идеја.

Многу битен е и фактот што многу од испитаниците сметаат дека секој треба да го промовира претприемништвото.




Кога зборуваме за претприемничкото учење и претприемничката активност, загрижувачки е фактот што голем дел од граѓаните на општина Кисела Вода немаат или не знаат дали досега имале некаква улога во креирање или започнување на некој нов проект со претприемнички дух. Овде би можело да се даде иницијатива на граѓанските организации на територија на општина Кисела Вода преку најразлични обуки и работилници повеќе да ја доближат претприемничката активност до граѓаните. Сепак, исто така, не многу мал број од испитаниците имале некаква улога во некој проект кој понатаму вродил со бројни успеси и понатамошни можности, како за нив самите, така и за целокупниот успех на општината. Во тие подвизи најтешко им билода ги поврзат причинско последичните (каузалните) врски помеѓу политичките збиднувања во светот, сферите на интереси во врска со енергетската состојба во светот и нејзиното влијание врз финансиските движења во глобална рамка. Но, и да ги истакнат своите лидерски способности и да го наметнат нивниот став и идеи врз другите.




Во поглед на ставовите и гледиштата поврзани со претприемништвото, во ставовите поврзани со резултатите од афективното учење, претприемништвото наоѓа на позитивно влијание кај испитаниците, поголем дел од нив сметаат дека е добро да се биде претприемач, како и фактот дека претприемништвото вродува со позитивни резултати во општината за нејзин економски раст а развиток преку отворање на нови иновативни бизниси и зголемување на бројот на работни места.

Од гледна точка на когнитивното учење на испитаниците, голем процент од нив сметаат дека развојот и присутноста на претприемништвото во една општина позитивно влијае на сите, добро е да се биде претприемач и добро е секој да размислува претприемнички. Најпримамливи за сите се споделувањето на искуства од веќе успешни претприемачи, како и стекнување со претприемнички дух и знаења преку најразлични искуства добиени надвор од Републиката. Да се истражува надвор, но да се креира, отпочне и донесе некоја иновација внатре во републиката, за општо добро и економски раст и развиток на сите. Добро е се инвестира значаен дел од времето за развивање на претприемничкиот дух и вештини, односно, мудро да се искористи најлимитираниот наш ресурс.




Во поглед на разбирањето на претприемништвото, поголем дел од испитаниците сметаат дека еден претприемач треба да биде иновативен, вреден, неговата работа да вроди со голема продуктивност, да работи за јавното добро, да знае добро да искалкулира помеѓу ризикот и добивката, секогаш да размислува  еден чекор однапред и да биде солидно подготвен за препознава идеи и можности што имаат потенцијал за бизнис, како и да бидат одлучни и цврсти во своите ставови, за да остварат добар бизнис со плодни добивки и долгорочни успеси.

Како испитаницитегледаат на иднината за младите претприемачи и кои се нивните препораки?

- Во поглед на нивните ставови, најразлични мерки и финансиски поткрепи би биле од голема полза за нивна мотивираност во започнување на нешто иновативнои креативно. Да им се дадат ефтини кредити, да се стимулираат со совети при нивните активности, да им се додели тутор-ментор за помош, да се промовира младоста како добробит на сите

- Да не бидат исполитизирани во ставовите. Добрата идеја насекаде се препознава и признава, повеќе едукација помалку политика. Можност да просперираш во странство и во своја земја се потполно исти.

- Со давање можност за изнесување на своите идеи и нивно прифаќање и реализирање.

- Со транспарентност, неселективност и помош во давање субвенции, совети од различни институции.

Соодветните предавања и методики и со тоа соочување на младите со благодетите кои што можат да ги уживаат, како на морален така и на материјален план, со тоа што во претприемништвото ќе се препознаат себеси и ризикот ќе го прифатат како нормална појава која што несомнено води кон успешност, меѓутоа треба да се обучат преку предавања и аналитички да размислуваат. Ова е само дел од начините како младите подобро да соработуваат со општината за креирање на подобра претприемничка средина. Со креирање на работилници (workshop-ови) кои што ќе ги водат наставници и професори во рамките на општината. Со добра мотивација, со можност лесно да стапуваат во контакт со бизнис заедницата и да им се даваат предлози и критики за остварливи и неостварливи бизнис идеи. Преку лесно достапни информации, достапни личности од општината кои можат да помогнат во креирањето. Со сите овие механизми ќе се придобијат младите луѓе и ќе им се влее доверба во нив да останат и да инвестираат во својата држава.




Како свои идеи и сугестии, испитаниците ги понудија следниве идеи:

- Да се воведат такви предмети уште во основно. Досега сме имале само во 4та година средно и тоа многу малку...
- Вметнување на содржини од претприемништво во предметите кои можат да ја реализираат оваа содржина
- Да се вработат лица кои имаат познавања од оваа област и ќе можат тие знаења да им ги пренесат на младите. Да се организира саем на идеи на кој учениците ќе ги дадат своите предлози и идеи, но тие да не останат на хартија туку да заживеат.

- Неопходни се изработка на план-проекти и финансиска конструкција

- Да се мотивираат со соработка со институции, да се креира позитивна работна средина, општинската зграда да има дел за дебата и споделување на идеи и можности, да се направи регистер со млади личности со искуства, кои што ќе придонесат за провоцирање на околината да размислува претприемачки..

- Волонтерска работа, покреативна настава од професорите кои предаваат бизнис-предмети, поканети искусни бизнисмени, млади претприемачи кои ќе зборуваат за своите позитивни и негативни искуства, искусни професори кои имале работно искуство надвор од образованието, давање на виртуелни вредности со кои може да се основа бизнис и да се заработува...

## 5. ПРИОРИТЕТНИ ОБЛАСТИ

Приоритетните области на локалната стратегијата за претприемничко учење за Општина Кисела Вода беа одредени присамиот почеток од реализацијата на проектот на првиот состанок на координативното тело и работната група, членовите едногласно се сложија, водејќи се според веќе постоечката националнастратегија за претприемачко учење во РМ. Од вкупните 5 приоритетни области кои се опфатени во НСПУ, беа отфрлени два, односно средно и високо образование бидејќи општината нема надлежност над истите. Согласно тоа беа одредени следнитеприоритетни области за оваа стратегија:

- Основно и предучилишно образование
- Неформално и неофицијално образование
- Претприемачи

Со оглед на тоа што оваа стратегија се стреми кон развој на претприемништвото генерално за сите, особено од најмала возраст, поттикнување што повеќе претприемачи и развој на идеи, подобрување на условите за претприемништво во општина Кисела Вода, решенијата за приоритетните области се слеани сметајќи дека една стратегија опфаќа повеќе од еден приорите и се непосредно поврзани, односно една активност може да влијае во сите сектори и да ги подобри истовремено на подолгорочен план.

## *5.1 ЦЕЛНА ГРУПА*

Целната група едногласно беше утврдена на првиот состанок на работната група, каде што сите се согласија дека со овој проект ќе се даде акцент на младите лица кои се невработени, од сите профили и степени на образование, кои имаат потенцијал да бидат идни успешни претприемачи на територијата на општина Кисела Вода. Подолу можете да ги најдете целите на стратегијата на локално ниво, како и можните стратегии (решенија), кои произлегоа како резултат од дискусиите на работната група, при што општата цела на стратегијата се поистоветува со дел од целите на Националната стратегија за претприемничко учење, како и со Оперативниот план на мрежата за поддршка на млади претприемачи.

Целна група која е опфатена со оваа стратегија се сите млади потенцијални претприемачи. Терминот „млади претприемачи“ се користи за сите лица кои по прв пат стануваат претприемачи, не се однесува на возраста.

Голем дел од активностите се наменети за деца од 8-мо и 9-то одделение, по препорака од детски психолози и педагози, сметајќи дека децата на оваа возраст се најмногу отворени за нови идеи, почнуваат да развиваат амбиции кои би сакале да ги остварат во позрелите години од животот. Возраст кога човекот за прв пат размислува за својот пат во животот и создава подолгорочен план. Со правилно насочување и доволна посветеност на децата од оваа возраст, Општината би имала одличен потенцијален млад кадар за неколку години, кој би допринел за развојот на претприемништвото.

Целната група на стартегијата ги опфаќа подеднакво и лицата со посебни потреби без исклучок, односно согласно законот за инклузија за еднаков третман на децата во основните училишта, воедно и за вработените. Понатаму соодветната институција ќе може да го интегрира оперативниот план, односно стратегијата во нивните годишни планови за работа со што би им овозможиле повеќе активности за личен и професионален развој на нивните потесни целни групи.

## *6. ЦЕЛИ НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА*

***Општа цел:***

Општата цел на оваа стратегија е развивање на претприемнички дух меѓу младите во општина Кисела Вода со цел за нивно оспособување за поголема конкурентност на пазарот на трудот и намалување на стапката на невработеност, примарно на територија на општина Кисела Вода, а со тоа и позитивно влијание на пад на стапката на невработеност во Р. Македонија.

***Специфични цели и стратегии (решенија):***

Специфичните цели на стратегијата за претприемничко учење за општина Кисела Вода и предлозите за активности кои би требало да се имплементираат за остварување на општата цел од националната стратегија за претприемничко учење, долгорочно ќе придонесат за:

- зголемување на бројот на мали и средни претпријатија (вклучувајќи ги младите претприемачи и жените претприемачи) со висока способност за конкурирање на поширокиот пазар во Европската Унија,
- зголемување на бројот на новоотворени претпријатија, зголемување на бројот на нови иновативни компании со регистрирани патенти што имаат висока стапка на комерцијализација,
- последователно намалување на стапката на невработеност на помалку од 25%

Истите се во корелација со националната визија за претприемничко учење: Македонија – земја со високо развиена претприемничка култура и дух што ги инспирира сите, односно да стане земја со високо развиени претприемнички дух и култура кои не се поврзани со возраста и кои ќе ги инспирираат сите лица во општеството преку креативност, иновации, иницијативност и конкурентен став кон учењето да успеат.

Специфична цел 1. Зголемување на нивото на свест кај младите за значењето, потребата и важноста на претприемничкото учење.

Стратегија 1. 1 – Организирање посети, мали обуки и пракси за учениците од 8-мо и 9-то одделение во компании на ниво на општина Кисела Вода, со акцент на занаети во изумирање.

Стратегија 1. 2 – Изработка на онлајн инфо пулт на веб страницата на општина Кисела Вода за потенцијални и постоечки претприемачи.

Стратегија 1. 3 – Организирање јавни дебати, натпревари во повеќе области, промотивни кампањи, трибини поврзани со потребата и придобивките од претприемништвото, како и гостувања и промоции на успешни претприемачи.

Стратегија 1. 4 – Изработка на видео запис кој ќе содржи успешни приказни од претприемачи, практични примери и информации за претприемништво.

Стратегија 1. 5 – Организирање неформални обуки и работилници за претприемништво за сите лица независно од степенот на образование.

Специфична цел 2: Подобрување на компетенциите за претприемничко учење кај сите наставници во општината за секој наставник да стане претприемнички "писмен" наставник, со претприемничкото учење како клучна компетенција.

Стратегија 2. 1 – Сите наставници од сите предмети и области, преку дополнителни предавања да се здобијат со основни предзнаења за претприемништво и иновации, исто така и како го воведат претприемништвото, претриемничкиот дух и иновациите во предавањата во другите предмети.

Стратегија 2. 2 – Организирање трибини/предавања за наставниците со цел размена на искуства.

Специфична цел 3: Развивање и спроведување наставни програми кои подобро ќе ги подготвуваат потенцијалните претприемачи да основаат мали и средни претпријатија, согласно потребите на локалниот пазар, способни да конкурираат на истиот и интегрирање на исходите од претприемничкото учење.

Стратегија 3. 1 – Воведување на предметот "Претприемништво и Иновации" во 8-мо одделение.

Стратегија 3. 2 – Истражување за постоечки бизниси и потребни бизниси и бранши на ниво на општина Кисела Вода.

Стратегија 3. 3 – Организирање на предавања и едукативни работилници во училиштата на територија на општина Кисела Вода, на кои предавачи ќе бидат претприемачи.

Стратегија 3. 4 – Воведување полесна терминологија во учебниците и наставата за помалите возрасти.

Стратегија 3. 5 – Зголемување на фондот на часови по Претприемништво и Иновации во 9-то одделение.

## 7. ПЛАН ЗА МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Со изгласувањето на стратегијата и оперативниот план за нејзина имплементација во Советот на Општина Кисела Вода, стратегијата и акциониот план стануваат официјални стратешки документи на општината, на кои треба да се темели подобрувањето на животот на младите во следните 5 години. Поднесувачи на ЛСПУ и АП до Советот на Општина Кисела Вода е Градоначалникот на општината.

После изгласувањето на стратегијата и оперативниот план, градоначалникот, во соработка со сите надлежни сектори при Општина Кисела Вода и Советот на Млади ја превзема обврската да започне со подготовка за имплементација на стратегијата преку активностите што се предвидени во оперативниот план. Градоначалникот формира оперативен тим од пет лица, вклучувајќи претставници од општинската администрација и советот на млади, кои директно ќе работат на подготовките и имплементацијата на активностите предвидени со ЛСПУ и АП. Овој тим, исто така, месечно ќе доставува извештај за тековната имплементација на активностите од оперативниот план, до Градоначалникот и до Советот на општината. Оперативниот тим (ОТ) заедно со СнМ ја преземаат обврската за мониторинг и евалуација на генералната имплементацијата на ЛМС и АП. Месечните извештаи од тимовите се многу битен сегмент од процесот на мониторинг, бидејќи сите релевантни субјекти од општината добиваат навремени информации за тоа како се одвива имплементацијата на стратегијата преку акциониот план и доколку е потребно, возможна е навремена интервенција.

Во почетокот на септември 2016 година, ОТ во соработка со СнМ ќе изработи детална анализа на реализираните активности од оперативниот план на стратегијата за која ќе објави повик за членови во работна група. Новата работна група ќе има задача да ја разгледа анализата за реализираните активности (и тоа што не е реализирано во оперативниот план за 2016 година) и базирајќи се на информациите содржани во анализата и локалната стратегија за претпримничко учење за ОКВ, ќе изготви нов оперативен план за 2017 година. Оперативниот план за 2017 година, заедно со анализата за имплементација на стратегијата прво ќе биде доставен на разгледување до Градоначалникот на општината и подоцна ќе бидат доставени на разгледување и усвојување од страна на Советот на Општина Кисела Вода.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Заклучок за усвојување на Оперативен план
на Локалната Стратегија за претприемачко учење
на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Оперативниот план на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за 2016 година, донесен на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/17
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 34 и член 104, став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, бр. 13/06), расправајќи по Оперативниот план на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за 2016 година, Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

за усвојување на Оперативниот план на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за 2016 година

1.Се усвојува Оперативниот план на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за 2016 година.

2.Овој Заклучок ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 09-6870/19
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

ОПЕРАТИВЕН ПЛАН НА ЛОКАЛНАТА СТРАТЕГИЈА
ЗА ПРЕТПРИЕМНИЧКО УЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА за 2016 год.

Општа цел: Преку развивање на претприемнички дух меѓу младите во општина Кисела Вода, да се оспособат за поголема конкурентност на пазарот на трудот и доведувајќи до намалување на стапката на невработеност, примарно на територија на општина Кисела Вода, а со тоа и позитивно влијание на пад на стапката на невработеност во Р. Македонија.ж

***<u>Специфична цел 1.</u>*** Зголемување на нивото на свест кај младите за значењето, потребата и важноста на претприемничкото учење.

| Активност | Индикатори | Одговорности | Временска рамка | Директни финансиски побарувања од Општина Кисела Вода |
|---|---|---|---|---|
| 1.1 Организирање посети, мали обуки и пракси за учениците од 8-мо и 9-то одделение во компании на ниво на општина Кисела Вода, со акцент на занаети во изумирање | - број на посети за секоја паралелка од 8-мо и 9-то одделение<br>- број на мали обуки за секоја паралелка од 8-мо и 9-то одделение<br>- број на денови/ часови пракса за секоја паралелка од 8-мо и 9-то одделение | - ОКВ<br>- Основни училишта | април-мај 2016 | 0 МКД |
| 1.2 - Организирање неформални обуки и работилници за претприемништво за сите лица независно од степенот на образование. | - број на обуки / работилници | НВО<br>ОКВ | март – декември 2016 | 0 МКД |
| 1.3 – Организирање јавни дебати, натпревари во повеќе области, промотивни кампањи, трибини поврзани со потребата и придобивките од претприемништвото, како и гостувања и промоции на успешни претприемачи. | -број на настани кои ќе вклучуваат дебата и натпревар<br>- број на различни области<br>– број на гостувања на претприемачи | ОКВ<br>СнМ<br>НВО | април – мај 2016<br><br>октомври – ноември 2016 | 0 МКД |
| 1.4 – Изработка на видео запис кој ќе содржи успешни приказни од претприемачи, практични примери и информации за претприемништво. | - број на видео записи<br>- број на успешни приказни од постоечки претприемачи, со информација за колку од нив се од ОКВ | ОКВ<br>НВО<br>СнМ | ноември - декември 2016 | 0 МКД |

***Специфична цел 2:*** Подобрување на компетенциите за претприемничко учење кај сите наставници во општината за секој наставник да стане претприемнички “писмен” наставник, со претприемничкото учење како клучна компетенција.

| Активност | Индикатори | Одговорности | временска рамка | Директни финансиски побарувања од Општина Кисела Вода |
|---|---|---|---|---|
| 2. 1 – Предавања за сите наставници од сите предмети и области за да се стекнат со основни предзнаења за претприемништво и иновации и како го воведат претприемништвото, претриемничкиот дух и иновациите во предавањата во другите предмети. | - број на предавања во кои ќе бидат вклучени сите наставници од сите основни училишта | ОКВ | јуни - август 2016 | 0 МКД |
| 2. 2 – Организирање трибини/предавања за наставниците со цел размена на искуства. | - број на трибини во текот на едно полугодие<br>- број на предавања во текот на едно полугодие | ОКВ | август – декември 2016 | 0 МКД |

***Специфична цел 3:*** Развивање и спроведување наставни програми кои подобро ќе ги подготвуваат потенцијалните претприемачи да основаат мали и средни претпријатија, согласно потребите на локалниот пазар, способни да конкурираат на истиот и интегрирање на исходите од претприемничкото учење.

| Активност | Индикатори | Одговорности | временска рамка | Директни финансиски побарувања од Општина Кисела Вода |
|---|---|---|---|---|
| 3.1 – Истражување за постоечки бизниси и потребни бизниси и бранши во општината. | - дата база со број на постоечки бизниси и бранши со информација за видовите кои недостасуваат | ОКВ<br>НВО<br>СнМ | февруари – декември 2016 | 0 МКД |
| 3.2 – Организирање на предавања и едукативни работилници за учениците во училиштата на територија на општина Кисела Вода, на кои предавачи ќе бидат претприемачи. | - број на предавања / работилници во секое основно училиште во општината | ОКВ | март – декември 2016 | 0 МКД |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување Програма за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во воена состојба за 2016 година

1.Се објавува Програмата за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната во воена состојба за 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/18
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 и член 22 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002), а врз основа на член 100 од Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија бр. 185/2011), член 10.10 и член 15.9 од Законот за Град Скопје (Службен весник на Република Македонијброј 55/2004), како и врз основа на одлуката за Методологија за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 4/2013) Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана 23 септември 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за начинот на извршување на обврските на Општина Кисела Вода
од областа на одбраната во воена состојба за 2016 година

**СОДРЖИНА**

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1.Вовед**

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2016 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на спроведување на подготовки и преземање на мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разурнувања и справување со последиците предизвикани од нив.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2016 година овие активности ќе ги остварува, насочува и кординира преку Секторот за управување човечки ресурси и обуки кое ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со :

- Министерството за одбрана
- Подрачно одделение за одбрана во Општина Кисела Вода
- Центарот за управување со кризи

**2.Развојни приоритети и цели**

Општина Кисела Вода во воена состојба продолжува да ги извршува работите утврдени со закон и има обврска да преземе мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разурнувањаи справување со последиците предизвикани од нив. Единиците на локална самоуправа имаат обврска да се подготвуваат за извршување на

обврските на начин утврден со нивниот статут. Во Статутот на Општина Кисела Вода во глава 11 во член 162 предвиден е начинот на извршување на обврските на општината од областа на одбраната во воена состојба. Општина Кисела Вода врз основа на одлуката за Методологија за спроведувањенаподготовкитезаодбрана(СлужбенвесникнаРепубликаМакедонијаброј4/2013), имадонесеноПланзафункционирањенаединицаналокалнасамоуправаОпштинаКиселаВода во услови на војна како и утврдени приоритети за извршување на задачи определени со закон;

1. Утврдување на приоритети за одржување на локални патишта, улици и други јавни објекти од локално значење;
2. Начин на извршување и определување на извршители на приоритетните задачи;
3. Определување на потребните финансиски средства;
4. Мерки на приправност;

**3. План на активности**

Според член 37 од Методологијата за спроведување на подготовките за одбрана (Службен весник на Република Македонија број 83/2003) за единиците на локалната самоуправа финансиски средства за спроведување на подготовки за одбрана и заштита и спасување на грѓаните и материјалните добра на своето подрачје од воени разузнавања и од природни непогоди и други несреќи во воена состојба и од последиците предизвикани од нив, како и за одржување на локалните патишта, улиците и другите јавни објекти од локално значење, според утврдениот приоритет се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија и од сопствени извори на приходи односно од Буџетот на Општина Кисела Вода.

Врз основа на тоа, како и по препорака на Министерството за одбрана по извршениот инспекциски надзор потребно е во буџетот на Општина Кисела Вода да се предвидат определени финансиски средства во износ од најмалку 100.000,00 денари во случај на воена состојба, со можност за пренамена на тие средства. **Истите се потребниза гориво, храна, хигиенски средства, мобилизација и слично.**

**Предвидени финансиски средства: 100 000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот, Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за управување со човечки ресурси и обука.

Во соработка со Министерството за одбрана, Подрачното одделение за одбрана во Општина Кисела Вода, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето и извршувањето на обврските на Општина Кисела Вода од областа на одбраната.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-6870/20
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002) и член 57 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје“ бр. 8/05 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), Градоначалникот на Општина Кисела Вода, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за објавување Програма за активностите на Општина Кисела Вода
во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните
и материјалните добра за 2016 година

1.Се објавува Програмата за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2016 година, донесена на седницата на Советот на Општина Кисела Вода, одржана на 23 септември 2015 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кисела Вода“.

Број 08-7424/19
05.10.2015 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец-Алексиќ с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локална самоуправа (Службен Весник на РМ бр. 5/2002),член 34 од Статутот на општина Кисела Вода, а во врска со член 4, став 1 и 2 и член 9 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на Република Македонија бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 39/12, 41/14 и 129/2015) Советот на Општина Кисела Вода на Триесет и втората пленарна седница одржана на 23 септември 2015 година, донесе

П Р О Г Р А М А
за активностите на Општина Кисела Вода
во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните
и материјалните добра за 2016 година

СОДРЖИНА

1.Вовед
2.Развојни приоритети и цели
3.План на активности
4.Динамика на извршување на активностите во програмата
5.Преодни и завршни одредби

**1. Вовед**

Активностите и програмите кои ќе бидат спроведени во 2016 година ќе бидат насочени согласно законите и подзаконските акти и прописи, а се во интерес на граѓаните на Општина Кисела Вода во остварување на нивните права, обврски, како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Според законските одредби Општина Кисела Вода во 2016 година овие активности ќе ги остварува, насочува и координира преку Секторот за човечки ресурси и обуки кое ќе ги организира, реализира и по потреба ќе соработува со:

- Општинскиот штаб за заштита и спасување;
- Универзалната единица за заштита и спасување;
- Комисија за процена на штети од елементарни и други несреќи на територијата на општина Кисела Вода;
- Територијална противпожарна единица која дејствува на целата територија на општината;
- Доброволните противпожарни друштва, општинскиот противпожарен сојуз и други субјекти и институции зависно од видот на активноста што ке се реализира.

## 2. Развојни приоритети и цели

Општина Кисела Вода настојува да одржи чекор за намалување на ризиците од несреќи, обезбедува услови за мирен и безбеден просперитет на своите граѓани, преку:

- Заштита и спасување на луѓето и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, пожари во населените места, во шуми, отворени простори, сообраќајни несреќи и други опасности,
- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мирновремени, вонредни, воени и други состојби,
- Создавање услови и можности за организирано остварување и реализирање на заштитата и спасувањето на луѓето и матријалните добра,
- Обезбедување на услови за навремено известување за опасноста, благовремено откривање и елементирање на причините за настанувањето и ублажување, локализирање и елиминирање на опасноста,
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координација на силите за заштита и спасување за справување со опасностите со кои ќе биде зафатена општината.

## 3. План на активности

### *3.1 Обука на вработените*

Обука на вработените во Општина Кисела Вода, градинките ,основните училишта, ќе ја извршува Општинскиот противпожарен сојуз Кисела Вода.
**Предвидени финансиски средства: 30.000 денари.**

3.2 Ажурирање на Процената на загрозеност од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кисела Вода
**Предвидени финансиски средства: 30.000 денари.**

**Предвидени финансиски средства:**
3.3 Изработка на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Кисела Вода
**Предвидени финансиски средства: 10.000 денари.**

**Предвидени финансиски средства:**
3.4 Опремување на Општинскиот штаб и универзалната просторна единица за заштита и спасување на територијата на Општина Кисела Вода со материјално технички средства:

| Р.Б. | Потеребна Опрема | Количина | Цена |
|---|---|---|---|
| 1 | Ознаки за припадност на силите за заштита и спасување | 50 ком. | 5.000 денари |
| 2 | Санитетскаторбасоопрема | 1 ком. | 10.000 денари |
| 3 | Прв завој | 10 ком. | 5.000 денари |
| 4 | Заштитна наметка | 30 ком. | 30.000 денари |
| 5 | Крамеровашина | 1 ком. | 1.000 денари |
| 6 | Напртњачи за вода | 10 ком. | 25.000 денари |
| 7 | Челичнаметла | 10 ком | 30.000 денари |
| 8 | Заштитникожниракавици | 10 ком. | 10.000 денари |
| 9 | Батериски лампи | 10 ком. | 20.000 денари |
| 10 | Лопати | 10 ком. | 5.000 денари |
| 11 | Чизми гумени | 10 ком. | 5.000 денари |
| 12 | Теренски обувки | 10 ком. | 50.000 денари |
| 13 | Заштитни униформи | 10 ком. | 50.000 денари |
| 14 | Заштитни зимски јакни | 10 ком. | 50.000 денари |

**Предвидени финансиски средства: Вкупно: 296.000 денари**

3.5 Редовен сервис и одржување на противпожарните апарати и хидрантска мрежа во Општината и урбаните и месни заедници
**Предвидени финансиски средства: 50 000 денари.**

3.6 Активирање на Општинскиот штаб и Универзалната единица по потреба за 1 ден(превоз, исхрана, сместување и дневници).
**Предвидени финансиски средства: 50 000 денари.**

3.7 Резервен фонд на Општина Кисела Вода за заштита и спасување од природни непогоди.
**Предвидени финансиски средства: 62.000 денари.**

**Вкупно: 528.000 денари.**

**4.Динамика на извршување на активностите во програмата**

Динамиката на извршување на Програмата ќе зависи од приливот на средства во буџетот на Општина Кисела Вода.

**5.Преодни и завршни одредби**

За спроведување на оваа Програма се грижи Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода и Секторот за човечки ресурси и обука.

Во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи и другите надлежни органи и тела, органите и телата на ---- Советот и Градоначалникот на Општина Кисела Вода ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзина реализација како и во покренување на иницијативи, давање на мислења и придонесување на предлози во врска со остварувањето на програмските цели и активности.

Програмата влегува во сила со денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Кисела Вода,, а ќе се применува од 01.01.2016 година.

Број 09-6870/21
23 септември 2015 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Кисела Вода
Трајче Донев с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**ип1 бр. 22-275 од 01.10.2015 год.**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 57 став 1 точка 22 и член 106 став 3 од Статутот на Општина Кисела Вода („Службен гласник на Град Скопје” бр. 8/2005 и „Службен гласник на Општина Кисела Вода“ бр. 13/06), градоначалникот на на Општина Кисела Вода донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Да се објави во Службен гласник на Општина Кисела Вода, јавната објава ип1 бр. 22–275 од 01.10.2015 година согласно член 86 од Законот за општа управна постапка („Службен весник на РМ“ 38/2005,110/2008 51/2011), поради фактот дека се работи за непозната странка со непознато живеалиште за органот чие писмено се доставува т.е. на Решението ип1 бр. 23–275 од 30.09.2015 година и Заклучок за дозвола за извршување ип1 бр. 23–275 од 30.09.2015 година до НЕПОЗНАТ инвеститор со непозната адреса на живеалиште

2. Ова решение да го изврши Сектор за инспекциски работи, Одделение за урбанистичка, градежна, патна, сообраќајна, животна средина и комунална инспекција

3. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Изготвил**
Јасмина Лазаревска-Ставровска дги

**Контролирал**
Помошник раководител на Сектор
Игор Никоски

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец - Алексиќ с.р.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КИСЕЛА ВОДА**
**Сектор за инспекциски работи**
**Одделение за урбанистичка,градежна,патна, сообраќајна,животна средина и комунална инспекција**
**ип1 бр. 22-275 од 01.10.2015год**
**СКОПЈЕ**

## ЈАВНА ОБЈАВА

Општина Кисела Вода - Сектор за инспекциски работи, Одделение за урбанистичка, градежна, патна, сообраќајна, животна средина и комунална инспекција поради фактот дека се работи за непозната странка со непознато живеалиште за органот чие писмено се доставува т.е. на Решението ип1бр.23-275 од 30.09.2015 година и Заклучок за дозвола за извршување ип1бр.23-275 од 30.09.2015 година до НЕПОЗНАТ инвеститор со непозната адреса на живеалиште,со кое според чл.137 став 1 и чл.134 став 1 алинеа 6 од Законот за градење(«Сужбен весник на Република Македонија» бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 13/12, 144/13, 25/13,79/13,163/13,27/14,28/14,42/14 ,115/14,149/14.187/14 и 22/2015) се наредува отстранување на градба-времен објект со димензии 3.00мх3.50м.+2.00м.х0.80м.+2.50х1.00м. во висина приземје која е изградена на КП 8427 КО Драчево 1 во Скопје која според Имотен лист бр.12852 е во сосопственост на Р Македонија и Љубе Зафировски, ја повикува именуваната странка веднаш а најдоцна во рок од три дена од објавата, да се обрати до овој орган(барака 2 соба 2) заради прием на Решението ип1бр.23-275 од 30.09.2015 година и Заклучок за дозвола за извршување ип1бр.23-275 од 30.09.2015 година .

Оваа објава се смета за уредна достава според член 86 и член 87 од Законот за општа управна постапка(«Сужбен весник на Република Македонија» 38/2005,110/2008,51/2011) а негативните последици кои може да настанат ги сносат самите странки.

**Изготвил**
Јасмина Лазаревска-Ставровска дги

**Контролирал**
Помошник раководител на Сектор
Игор Никоски

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Кисела Вода
Билјана Беличанец - Алексиќ с.р.

## С О Д Р Ж И Н А:

1. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кузман Јосифовски –Питу,, за учебната 2015/2016 година;..........4

2. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кирил Пејчиновиќ,, за учебната 2015/2016 година;..........6

3. Заклучок за усвојувањена Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Партенија Зографски,, за учебната 2015/2016 година; ..........8

4. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Невена Георгиева-Дуња,, за учебната 2015/2016 година; ..........10

5. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Кузман Шапкарев,, за учебната 2015/2016 година;..........12

6. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Рајко Жинзифов,, Кисела Вода - Скопје, Симбол на кинеско-македонско пријателствовоучебната2015/2016година;..........14

7. Заклучок за усвојување на Годишната програма за воспитно образовната работа на Општинското основно училиште ,,Св. Климент Охридски,, во учебната 2015/2016 година;..........16

8. Заклучок за усвојување на Годишната програма за работа на Општинското основно училиште ,,Круме Кепески,, во учебната 2015/2016 година;..........18

9. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈДГ ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година;..........20

10. Одлука за одобрување средства како еднократна парична помош на Маријан Теовски,..........22

11. Одлука за давање согласност на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14);..........................................................................................................24

12. Одлука за давање согласност на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за работа со поголем број деца од утврдените стандарди и нормативи на Правилникот за стандардите и нормативите за вршење на дејноста на установите за деца (,,Службен весник на Република Македонија,, бр.28/14,40/14 и 136/14);..........................................................................................26

13. Заклучок за усвојување на Годишна Програма за работата на Јавната детска градинка ,,8 Март,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година;.........................................................................................................................28

14. Заклучок за усвојување на Годишен извештај за работа на ЈДГ ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2014/2015 година;.......................................30

15. Заклучок за усвојување на Годишна програма за работа на Јавната детска градинка ,,Весели Цветови,, на Општина Кисела Вода во Град Скопје за 2015-2016 година;........32

16. Заклучок за усвојување на Локална Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за периодот 2016-2020 година;...................................................................34

17. Заклучок за усвојување на Оперативен план на Локалната Стратегија за претприемачко учење на Општина Кисела Вода за 2016 година; ................................54

18. Програма за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2016 година;..............................60

19. Програма за активностите на Општина Кисела Вода во областа за заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра за 2016 година;.............................64

20. Јавна објава ип1 br. 22-275 od 01.10.2015 година;.................................................69